( Образец ПП……)

РЕПУБЛИ... ЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТ... БИТОЛА
Прим... 29-01-2024
Организ... ...едност
11 19/1

До: ОПШТИНА БИТОЛА
(имател на информацијата)

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________
_______________________________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Член 25 од Законот за младинско учество и младински политики, бр. 08-327/1, од 14 јануари 2020 година, во став 2, јасно се наведува дека: „Од буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво“. **Согласно со овој правен акт, дали вашата Општина предвидува финасирање за спроведување на горенаведениот закон во 2024 година?** Доколку ДА, ве замолувам наведете го точниот финансиски износ. Воедно, наведете ги досегашните активности коишто Општината ги донела согласно нејзините надлежности од истиот закон.
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 26.01.2024 година**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за Јавни дејности

Бр.11-19/2
29.01.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-19/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
047 234 234 047 208 203 факс 047 208 207 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија
Одделение за јавни дејности

Битола,
02.02.2024г.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 02-02-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-19/3 | | | |

До: Евгенија Чукалева
Лице за посредување при остварување на
слободен пристап до информации од јавен карактер
Општина Битола

**Предмет**: Известување
Врска: Ваше барање бр. 11-19/2 од 29.01.2024г.

Почитувана ,

Согласно Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер Ве известуваме дека Општина Битола согласно Законот за младинско учество и младински политики ги спроведе следните активности:

- Формира Локален младински совет и истиот брои девет членови, млади луѓе на возраст од 15-29 години
- Отвори Младински Центар кој е сместен во простории на Општина Битола на ул. Крушевска бр.5 Битола со Договорот за користење и управување на Центарот, а финансиски средства за одржливост на Младинскиот центар се предвидени за оваа година во „ Програма за активностите во областа на спортот и младите во Општината Битола за 2024 година “
- Одреди Службеник за млади, лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади, за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата
- Општина Битола донесе Стратегија за млади на Општина Битола 2023 – 2027 година во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

Планиран годишен буџет за 2024 година за МЛАДИ согласно „ Програма за активностите во областа на спортот и младите во Општината Битола за 2024 година “ е 2.100.000,00 денари од кои :

- Локален Младински Совет – 100.000,00 денари
- Младински проекти – 550.000,00 денари
- Младински Центар – 950.000,00 денари
- Студентска пракса – 500.000,00 денари

Со предвидените средства во Програмата се издвојуваат најмалку 0,1% на годишно ниво согласно Законот за младинско учество и младински политики.

Со почит,

Гордана Цветковска Бошевска
Службеник за млади – Општина Битола

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-19/4
02.02.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **29.01.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

[redacted]ање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 **(Член 25 од Законот за младинско учество и младинси политики.. (Детален опис во прилог на Решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-19/1 од 29.01.2024 година
2. Допис до Одделение за Јавни дејности со бр. 11-19/2 од 29.01.2024 година
3. Одговор од Одделение за Јавни дејности со бр. 11-19/3 од 02.02.2024 година

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 02.02.2024 година, под бр. 11-19/4

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

________________________

**Евгенија Чукалева**

________________________